# „Немој да велите: ‚Тоа што го сака Аллах и го сака тој и тој‘, туку кажете: ‚Тоа што го сака Аллах, па потоа тоа што го сака тој и тој.‘“

Од Хузејфе, радијаллаху анху, се пренесува, дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: „Немој да велите: ‚Тоа што го сака Аллах и го сака тој и тој‘, туку кажете: ‚Тоа што го сака Аллах, па потоа тоа што го сака тој и тој.‘“
[صحيح بمجموع طرقه] [رواه أبو داود والنسائي في الكبرى وأحمد]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, забранил еден муслиман да каже: Така сакал Аллах и тој и тој, или: Што сакаше Аллах и тој и тој, тоа бидна; затоа што, тоа што го сака Аллах е апсолутно, и никој не може да му биде соучесник во она кое Тој го посакува и го прави. Кога ќе го употребиме сврзникот „и“ тоа значи дека спомнатиот после сврзникот е на ниво на Аллах и сме ги изедначиле. Треба да се каже: Се случи она што го сака Аллах, а потоа што посакува тој и тој, со ова посакувањето на Божјиот роб го следи она што го сакал Аллах, бидејќи кажавме „потоа“ наместо „и“, и во тој случај зборот „потоа“ означува последователност и одложување.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3352